| **Неделна тема** | Новогодишни радости |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Говорно творештво - Мојата Новогодишна желба |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговори за безбедно влегување во градинка,чекање во ред на обележано место. |
| **Активност** | Со детето можете да играте и да пеете околу накитената елка,на песната „Среде соба високо”.<br>https://www.youtube.com/watch?v=JteYcNnYEn0<br>Седнете покрај елката и поведете разговор за подароците што Дедо Мраз им ги носи на децата во целиот свет. Поттикнете го детето на активен говор и желба за искажување на она што сака да им го донесе Дедо Мраз за новогодишните празници (слика 1).<br>Со детето украсете празни картонски кутии со колаж во разни бои и со украсна хартија и наредете ги покрај елката (слика 2) и (слика 3).<br>На детето можете да му ја прочитате стихотворбата:<br><br>Елко,мила елкичке<br><br>Елко,мила елкичке,<br>убава и вита,<br>полно разни украси,<br>вечерва те китат.<br><br>Нова,Нова година,<br>од далеку иде, |

| | |
|---|---|
| | покрај тебе елкичке,<br>весело ќе биде.<br><br>Ќе играме,ќе пееме,<br>дури снег,снежи ситен,<br>Дедо Мраз подароци,<br>ќе подели на сите. |